08 - 0797 /3
10 -06- 2025

Врз основа на членот 22 и членот 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и членовите 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 19 -та седница одржана на ден 02.06.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

Постапката по предмет со бр. 08-1119/1 од 16.02.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1119/1 од 16.02.2023 година.

Предметот со 08-1119/1 од 16.02.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страната на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број бр. 08-1119/1 од 16.02.2023 година е оформен по пријава од познат подносител доставена преку електронски медиум односно емаил. ДКСК по извршен увид во својата евиденција констатираше дека лицето ------------- во законски предвидениот рок по избор на функцијата вд директор на -------------------------, не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапило спротивно на членот 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторило прекршок казнив по членот 109 од истиот закон.

За сторениот прекршок ДКСК издаде прекршочен платен налог и го достави до лицето -------------------. Истото во оставениот рок не постапи според издадениот прекршочен платен налог.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Поради тоа, Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 20.02.2025 година поднесе Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК.

На 24.03.2025 година Прекршочната комисија при ДКСК донесе Решение 14-800/5 со кое лицето ------------------ го огласи за одговорно за сторениот прекршок и му изрече прекршочна санкција.

Со тоа ДКСК констатира дека нема елементи за понатамошно постапување во предметот, поради што одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

**Заменик претседател,**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**